08-1556/7
19-10-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 40 - та седница, одржана на 28.09.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1556/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1556/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1556/1 од 18.03.2026 година поради неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице _____ по избор на функцијата член на Совет на _____.

Врз основа на добиените податоци од _____ ДКСК констатира дека лицето _____ има извршено промена на презимето кое сега гласи _____.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека службеното лице _____ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата член на Совет на _____ нема

поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапила спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторила прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1556/5 од 03.07.2026 година и уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 13.07.2026 година, Истата во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Лицето по истек на законскиот рок поднесе Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Согласно горенаведеното, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот предмет и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК